# Политика за заштитено внатрешно пријавување

**Напишал: В. П. Крстевска** **Потврдил: В. П. Додевска**

**Проверил: Н. Стефановска**

**Одобрил: О. Лазиќ**

## 1. Нашата заложба

ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје („Компанијата“) е посветена на чесно и етичко извршување на деловните активности. Очекуваме сите вработени, кандидати за вработување, волонтери и практиканти, лица кои се или биле ангажирани за извршување работа во Компанијата, лица кои по било кој основ се или биле во деловен однос или друг вид на соработка со Компанијата, и лица кои користат или користеле услуги во Компанијата да одржуваат високи стандарди и да ги почитуваат вредностите и однесувањето согласно нашиот Кодекс за деловно однесување.

## 2. Цел

Целта на оваа политика е:

- да поттикне пријавување на секое несоодветно однесување опишано во точка 6 од оваа политика;
- да обезбеди насоки за тоа како да се поднесуваат пријавите;
- да потврди дека доверливоста е загарантирана и дека информациите за коишто врз основа на разумно уверување во времето на пријавувањето, лицето кое што пријавува смета дека се вистинити, можат да се пријават без страв од последици, дури и ако подоцна се утврди дека не биле вистинити;
- да ги обезбеди и заштити правата на укажувачите.

## 3. Обем на применливост

Оваа политика се применува во Компанијата и нејзините подружници и се однесува на сите вработени, кандидати за вработување, волонтери и практиканти, лица кои се или биле ангажирани за извршување работа во Компанијата, лица кои по било кој основ се или биле во деловен однос или друг вид на соработка со Компанијата, и лица кои користат или користеле услуги во Компанијата.

## 4. Дефиниција за Укажувач

Согласно Законот за заштита на укажувачи и во смисла на оваа политика, за укажувач се смета лице кое со добра намера врши заштитено пријавување.

Под укажувач се подразбира:

- лице кое има засновано работен однос на определено или на неопределено време во Компанијата,
- кандидат за вработување,
- волонтер или практикант во Компанијата,
- лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа во Компанијата,
- лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг вид на соработка со Компанијата, и
- лице кое користи или користело услуги во Компанијата.

Во текот на постапката укажувачот ќе биде заштитен од последици затоа што поднел пријава.

Укажувачот може да избере да остане анонимен, но Компанијата го охрабрува пријавата да ја поднесе доброволно и од свое име, при што му ја гарантира доверливоста.

## 5. Дефиниција за Заштитено пријавување

Заштитено внатрешно пријавување, претставува пријавување, односно откривање со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува јавниот интерес.

Односно постои загриженост за злоупотреба или друго сомневање за неправилности или опасности на работното место кои влијаат врз други лица.

Покрај заштитеното внатрешно пријавување, како заштитено пријавување се смета и надворешното заштитено пријавување, како и јавното заштитено пријавување.

## 6. Што да се пријави

Потребно е да се пријави секое разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува јавниот интерес, односно загриженост за злоупотреба или друго сомневање за неправилности или опасности на работното место кои влијаат врз други лица.

Под јавен интерес се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Во случај на погоре наведените области на заштита, но без ограничување само на овие примери, загриженост може да се изрази за:

- секое сомневање за измамничко однесување,
- коруптивно однесување,
- прекршување на применливите закони за заштита на конкуренцијата,
- прекршување на законските и подзаконските акти за заштита на личните податоци и правилата за безбедност на системите на Компанијата,
- загрозување на здравјето и безбедноста на поединец или поединци,
- загрозување на животната средина,
- извршување на кривично дело, непочитување на било која законска или регулаторна обврска и
- прикривање на какви било информации кои се однесуваат на некое од горенаведените.

Доколку не сте сигурни дали нешто е во опсегот на оваа политика, може да побарате совет од Офицерот за етика и усогласеност, кој исто така може да ве информира каде може да добиете сеопфатни и независни информации и правни совети за процедурите, правните лекови и заштитата достапни согласно применливата легислатива за заштита на укажувачите и оваа политика.

Оваа политика **не се применува** за загрижености коишто можат да произлезат од вашето работно место. За такви случаи треба да се обратите до Секторот за „Луѓе и култура“ за понатамошна помош и асистенција.

## 7. Ништовност на одредби

Ништовни се одредбите во актите и договорите со кои се уредуваат правата од работните односи, а со кои се забранува пријавување на какво било разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или ќе се изврши казниво, неетичко или постапување со кое ќе се повреди јавниот интерес, односно загриженост за злоупотреба или друго сомневање за неправилности или опасности на работното место кои влијаат врз други лица, вклучувајќи и потенцијални прекршувања на Кодексот за деловно однесување.

## 8. Како да се пријави

Како прв чекор, охрабруваме загриженостите да се пријавуваат **внатрешно (во рамки на Компанијата)**.

Пријавувањето потенцијални прекршувања може да се изврши преку независно управувана линија за укажувачи (онлајн на www.coca-colahellenic.ethicspoint.com и/или преку телефон). Оваа услуга е достапна на сите јазици на териториите каде што работи CCHBC.Сомневањето може директно да се пријави и кај вашиот Офицер за етика и усогласеност, Генералниот директор, непосредниот раководител, Високиот Менаџер за ревизија на примената на Кодексот на деловно однесување и усогласеност (The Senior Audit Manager – COBC & Compliance), Корпоративниот директор за ревизија (Head of Corporate Audit), Генералниот советник на Групацијата или Претседателот на Комисијата за ревизија и ризици (Audit and Risk Committee).

Загриженоста може да се изрази писмено или усно (по телефон или преку систем за говорни пораки) и на барање на лицето кое ја поднесува пријавата, на состанок во разумен временски рок. Одговорните лица треба да обезбедат заштита на податоците и примените пријави, записниците, примените или креирани документи, како и на други материјали во врска со заштитеното пријавување.

Високиот менаџер за ревизија на примената на Кодексот за деловно однесување и усогласеност (The Senior Audit Manager – COBC & Compliance) е надлежен за водење евиденција на пријавите за потенцијални прекршувања и дејствата преземени преку системот за управување со случаи. Корпоративниот директор за ревизија (Head of Corporate Audit) е одговорен да ја извести Комисијата за ревизија и ризици (Audit and Risk Committee), на квартална основа, за бројот, природата и статусот на примените пријави.

Ве охрабруваме да ги користите интерните линии за пријавување со цел да се обезбеди навремена истрага. Но, секој поединец може да изрази загриженост и до соодветните надворешни органи во согласност со локалното законодавство. Компанијата ве советува да побарате совет пред да пријавите загриженост екстерно. Пред да пријавите екстерно, побарајте совет од вашиот Офицер за етика и усогласеност за тоа каде можете да побарате совет независно. Согласно локалната легислатива, определени се посебни органи каде може да обелодените одредени податоци.

## 9. Доверливост

Компанијата ќе ги преземе сите разумни мерки на претпазливост за да го зачува идентитетот и да ги заштити личните податоци на лицето кое укажало сомнеж во доверливост, конзистентно со спроведување темелна и фер истрага и во согласност со важечките закони. Пристапот до која било пријава ќе биде дозволен само на вработените кои нужно мора да бидат запознаени со пријавата.

Идентитетот на поединецот кој пријавува нема да биде откриен без негова експлицитна согласност, освен на вработените кои ја добиваат и проследуваат пријавата. Со личните податоци ќе се постапува во согласност со важечкото законодавство и Политиката за заштита на личните податоци. Секој кој е вклучен во истрагата ќе биде запознаен со барањата за заштита на личните податоци.

## 10. Обуки

Обуки во врска со Политиката за заштитено внатрешно пријавување ќе се спроведуваат редовно. Доколку имате какви било прашања во врска со вашата обука, ве молиме контактирајте го вашиот Офицер за етика и усогласеност. Одговорност на секој вработен е одговорно и ангажирано да ја помине задолжителната обука.

## 11. Постапки за истражување

По сите пријави кои се предмет на оваа политика ќе биде постапено најдоцна во рок од 7 (седум) дена сметано од денот на приемот на пријавата.

Пријавите ќе бидат проверени веднаш, непристрасно и соодветно во согласност со одобрените насоки за истраги на Компанијата.

Утврдените наоди ќе се разгледува од страна на соодветна дисциплинска комисија и ќе се преземат соодветни мерки.

Детален опис на процесот на истрага, како и информации за можните дисциплински мерки во случај на прекршување на правилата за однесување, може да се најдат во Насоките за процесот на истраги според Кодексот за деловно однесување.

## 12. Заштита

Компанијата е посветена да осигура дека ниту едно лице нема да биде ставено во неповолна положба на било кој начин поради тоа што чесно и со добра намера изразило загриженост за сомнително однесување што може да се пријави, доколку имало разумен основ да верува дека информациите биле вистинити и точни во моментот на пријавувањето, а пријавувањето било извршено во согласност со оваа политика. Законот и подзаконските акти кои ја регулираат заштитата на укажувачите, може исто така да обезбедат законска заштита од одмазда за одредени лица, во зависност од тоа што обелоденуваат и под која јурисдикција потпаѓаат случаите. Лицата кои се заштитени, не треба да трпат штетни последици поради обелоденувањето направено од нивна страна, како што се: отказ, деградирање, губење придобивки, казни, вознемирување, дискриминација и пристрасност. Ако постојат загрижености во врска со безбедноста на укажувачот, тој или таа може да побара отсуство или привремена промена на работното место, а таквите барања ќе бидат соодветно разгледани.

Секое прекршување на оваа политика, односно однесување спротивно на Политиката од страна на вработен, раководител, консултант или изведувач, ќе се смета за прекршување на Кодексот за деловно однесување на Компанијата и ќе биде третирано како такво.

Доколку било кое лице смета дека претрпело каков било штетен третман од видот опишан погоре, истото може да поднесе жалба преку било кое од лицата наведени во делот - Додаток на оваа политика.

Доколку во било кое време се утврди дека било кое лице свесно поднело лажна пријава, истото ќе ја изгуби заштитата предвидена со оваа политика и ќе подлежи на дисциплински мерки согласно Кодексот за деловно однесување.

Секоја одредба во договор или спогодба што на било кој начин спречува да се изрази загриженост согласно оваа политика, ќе биде ништовна.

## 13. Право на информираност

Согласно законските прописи, укажувачот има право да добие повратни информации за преземените мерки во врска со пријавата, како и за преземените заштитни мерки. Компанијата е должна да го информира укажувачот за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на прием на пријавата.

Онаму каде што е соодветно, а идентитетот на лицето кое што пријавило е познат, тој/таа ќе добие повратна информација за напредокот на истрагата. Иако не можеме секогаш да го гарантираме исходот што го посакувате, вашата загриженост ќе биде обработена фер и на соодветен начин. Со користење на оваа политика, ни помагате да го постигнеме тоа.

Ќе ви биде доставен запис за одлуката. Онаму каде што тоа се бара согласно локалната легислатива за заштита на укажувачите, или каде што е можно, ќе обезбедиме повратни информации во рок од три месеци од пријавувањето (или шест месеци во оправдани случаи). Во секој случај, поради тоа што Компанијата се стреми да ја задржи доверливоста во сите истраги, можеби нема да може да го информира лицето што поднело пријава за конкретни детали од истрагата и дисциплинските мерки преземени како резултат на истата.

Секоја информација што лицето ќе ја добие во врска со истрагата и/или исходот мора да ја третира како строго доверлива.

## 14. Казни за непочитување на оваа политика

Доколку било кое лице вработено на определено или на неопределено време во Компанијата, кандидат за вработување, волонтер или практикант во Компанијата, лице кое по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа во Компанијата, лице кое по било кој основ е или било во деловен однос или друг вид на соработка со Компанијата и/или лице кое користи или користело услуги во Друштвото ја прекрши оваа политика, тоа ќе се смета за прекршување на Кодексот за деловно однесување и ќе се третира соодветно.

## 15. Транспарентност на процесот

Информации за постапките на Компанијата за постапување по основ на пријавите за укажување се достапни на Skydox и истите се наведени во Кодексот за деловно однесување.

## 16. Одговорност

Сите вработени се одговорни за успешното спроведување на оваа политика и треба да се осигураат дека ја користат за да пријават какво било сомневање за опасност или неправилно постапување. Вработените, во секое време се поканети да дадат коментари за политиката и да предложат начини за нејзино подобрување. Коментарите, предлозите и прашањата треба да се упатат до Офицерот за етика и усогласеност.

Компанијата го задржува правото да ја измени и ревидира содржината на оваа политика во секое време. Измените може да бидат потребни кога има промена во начинот на кој компанијата работи поради пазарните услови или промени во законодавството кои се однесуваат на работните односи или друга регулатива којашто наложува промени на оваа политика.

Најновата верзија на оваа политика е достапна на Skydox и на веб-страницата www.coca-colahellenic.com.

Секој треба да постапува во согласност со целите и задачите уредени со оваа политика. Сите треба да бидат сигурни дека се запознаени со одредбите на Политиката и дека истите ги почитуваат.

**Референци**

• Закон за заштита на укажувачи (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/2018 и 257/2020)

• Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 46/2016)

• *Coca-Cola Hellenic Bottling Company Whistleblowing Policy* – April, 2026

• Кодекс за деловно однесување на Пивара Скопје АД

**Додаток кон Политиката**

Одговорни лица на ниво на Групацијата CCHBC кај кои поединците може да ги откријат нивните сомневања во врска со можните прекршувања или сомнежи во однос на оваа политика се:

• Претседателот на Комисијата за ревизија и ризици (Audit & Risk Committee Chair)

• Генерален советник (General Counsel)

• Менаџерот за Корпоративна ревизија (Head of Corporate Audit)